Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Програмата за Измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2017 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09–2333/2 | Општина Василево |
| 28.12.2016г. | Градоначалник |
| Василево | Ванчо Стојанов с.р |

---------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 т. 6 од Законот за локална Смоуправа ( Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на општина Василево ( Сл. Гласник на ОВ бр. 04/03, 08/06 и 09/10), Советот на Општина Василево на својата редовна седница ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
за измена и дополнување на Програмата
за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2017 година

Член 1

Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2017 година се изменува и дополнува во Уводниот дел каде се спомнати Приходите од кои ќе се финансира и тоа:

- Дел од средствата за уредување на градежно земјиште се зголемуваат за износ од 839.644 денари и
-

се додава нов извор за финансирање кој гласи:

- Кредитно задолжување на општина Василево во износ од 10.000.000 денари.

Член 2

Измени и дополнување има и во точка 2 Изградба на улици каде алинеа 2 се менува и гласи:
- Улица во Пиперево 269 метри со вредност од 7.102.526 денари

И по алинеа 6 се додава нова алинеа 7 која гласи:

- улица во Нова Маала во должина од 398 метри и вредност од 5.737.118 денари.

Член 3

Оваа програма влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објавуви во „Службен гласник на Општина Василево ".

| | |
|---|---|
| Бр.08-2333/1 | Совет на општина Василево |
| 28.12..2016г. | Претседател, |
| Василево | Драги Митев с.р. |